**Б и Љ,**
**Боро и Љупчо**
**д.о.о. - Скопје**

Ревизија, Проценка
и Финансиски
Консалтинг

Дрезденска бр 52
1000 Скопје
Македонија

Тел: + 389 (02) 3066-604
Тел: + 389 (02) 3061-185
Факс:+ 389 (02) 3094-919

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## ДО СОБРАНИЕТО И НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА што ги вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2011 година, билансот на приходи и расходи, извештајот за промени на капиталот за годината што заврши тогаш, прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со законските прописи во Република Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на

користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА заклучно со 31 декември 2011 година и резултатот на финансиските активности за годината што заврши на тој датум во согласност со законските прописи во Република Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации.

Скопје, 29 мај 2012 година

Овластен ревизор

Љупчо Пецев

Ревизија, проценка и
финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

Управител

Љупчо Пецев